Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 42 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22) и член 14 став (1) точка 2) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 23 јануари 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за изградба и управување со енергетски централи СПХ-МБ ДООЕЛ Скопје му се издава привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “СПХ-МБ”.

2. Привремената лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за изградба и управување со енергетски централи СПХ-МБ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. “Мирослав Крлежа” бр.14-1/9 (кат 5) Скопје-Центар (во понатамошниот текст: Друштво), на 4 ноември 2022 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “СПХ-МБ”, УП1 бр. 12-461/22 од 4 ноември 2022 година (во натамошниот текст: Барање).

Согласно член 8, став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 10 ноември 2022 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 10.2, односно од Образецот БЛ 10.2 од Правилникот за лиценци, во оригинал и електронски во .pdf формат. Друштвото го комплетираше Барањето на 28 декември 2022 година.

Друштвото има Одобрение за изградба на објект фотонапонска централа на земјени површини до 10МВ на ГП 1.01 од УПВНМ за електроцентрали за обновливи извори на енергија, на КП бр.1/1 и 303, КО Манастирец, Општина Македонски Брод, објект од втора категорија, УП1 бр. 09-28/2022 од 3 октомври 2022 година, со правосилност од 20 октомври 2022 година издадено од Општина Македонски Брод.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 10, став (1) од Правилникот за лиценци изготви предлог - одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија. Предлог - одлуката, согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр.02-96/1 од 13 јануари 2023 година, беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на 18 јануари 2023 година. На подготвителната седница немаше забелешки по предлог - одлуката од страна на присутните.

Регулаторната комисија за енергетика на 23 јануари 2023 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 42 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* и член 14 став (1) точка 2) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "СПХ-МБ" на Друштвото за изградба и управување со енергетски централи СПХ-МБ ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-461/22**
**23 јануари 2023 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

**Прилог:**

**ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. **Назив и седиште на носителот на привремена лиценца**
   Друштво за изградба и управување со енергетски централи СПХ-МБ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. "Мирослав Крлежа" бр.14-1/9 (кат 5) Скопје-Центар, Република Северна Македонија

2. **Енергетската дејност за која се издава привремена лиценца:**
   Производство на електрична енергија

3. **Евидентен број на привремена лиценца:** ЕЕ-ПРОИЗ-803-2023

4. **Единствен матичен број:** 7403887

5. **Единствен даночен број:** 4080019587302

6. **Локација на вршење на енергетската дејност**
   Носителот на привремената лиценца, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "СПХ-МБ" на КП бр.1/1 и 303, КО Манастирец, Општина Македонски Брод.

7. **Право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија**
   Носителот на привремената лиценца има право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија заради исполнување на условите за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со Законот за енергетика и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

8. **Права, обврски и одговорности на носителот на привремена лиценца**
   Правата, обврските и одговорностите на носителот на привремената лиценца во врска со вршењето на енергетската дејност, неговото учество на пазарот на електрична енергија, начинот и постапката за доставување на извештаи за финансиското работење и начинот на извршување на дејноста, како и начинот и постапката за доставување на извештаи, информации и други податоци потребни за следење на функционирањето на пазарот на електрична енергија ќе бидат уредени со лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.

**9. Производни капацитети со кои ќе се врши енергетската дејност**

Енергетската дејност производство на електрична енергија, ќе се врши од фотонапонска електроцентрала со следните технички карактеристики:

а) назив на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ “СПХ-МБ”
а) инсталирана моќност на фотонапонска електроцентрала по панели: 12.655,44 kW
б) инсталирана моќност на фотонапонска електроцентрала по инвертори: 9.920 kW
в) година на почеток на градба: 2022 година
г) година на завршеток на градба и почеток на работа: 2023 година
д) проценет животен век на ФЕЦ: 35 години
е) податоци за опрема:
- тип и производител, моќност и број на фотонапонски панели:
  72HPH, Longi Solar, моќност 540 W, 23.436 панели
- тип, производител и номинални податоци на инвертор:
  SUNGROW SG350HX, моќност 350 kW, 31 инвертор

ж) годишно сончево зрачење на таа локација: 1.400/1.450 $kWh/m^2$
з) очекувано годишно производство на електрична енергија: 13.888 MWh